Р е п у б л и к а  С е в е р н а  М а к е д о н и ј а
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. “Сандо Масев” бр.1 2400 Струмица, Северна Македонија
подцентрала: 034 348-026, факс 034 320-544
www.strumica.gov.mk gradonacalnik@strumica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-225/1
15-01-2024 год.
СТРУМИЦА

# ЈАВЕН ПОВИК

**за пријавување на кандидати за полагање на испит за добивање на сертификат за авто-такси возачи во ОПШТИНА СТРУМИЦА**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1.1. Предмет на јавниот повик е пријавување на кандидати за добивање на сертификат за авто-такси возачи во Општина Струмица.
1.2. Кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто-такси возач треба претходно да имаат завршено обука за авто-такси возач и за истата да им е издадена Потврда за завршена обука од правни лица за вршење на обука овластени од Градоначалникот на Општина Струмица.
1.3. Трошоците за обука и за издавање на сертификатот за авто-такси возач во Општина Струмица сѐ на товар на пријавените кандидати.

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

2.1. Право на учество на јавниот повик имаат сите физички лица кои ги исполнуваат следниве услови:
- поседуваат Потврда за завршена обука издадена од правно лице овластено од Градоначалникот на Општина Струмица за стручно оспособување на кандидатот и
- поседуваат возачка дозвола (Б категорија).

## 3. НАЧИН И РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА

3.1. Лицата од точка (2) поднесуваат Пријава во архивата (на 1-ви кат) на Општина Струмица, ул.„Сандо Масев“ бр.1.
3.2. Кон пријавата задолжително се доставува:
- Потврда за завршена обука за авто-такси возач во Општина Струмица (во оригинал или заверена копија од Нотар), издадена од правно лице овластено за вршење на обука од Градоначалникот на Општина Струмица;
- копија од лична карта/пасош;
- копија од возачка дозвола („Б“ категорија) и
- доказ за платени административни такси (уплатни сметки во прилог на Пријавата).

3.3. Рокот за пријавување на кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто-такси возачи е најдоцна 2 (два) дена пред закажаниот термин на одржување на испит.
3.4. Доколку кандидатот не ја достави комплетната документација, пријавата ќе се смета за некомплетна и нема да му се дозволи полагање на испитот.

## 4. ТЕРМИНИ И НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ

4.1. Датуми за одржување на испити:
- 25 јануари 2024 година;
- 06 и 29 февруари 2024 година;
- 12 и 28 март 2024 година;
- 09 и 23 април 2024 година;
- 09 и 28 мај 2024 година;
- 11 јуни 2024 година;
- 04 јули 2024 година;
- 08 август 2024 година;
- 03 септември 2024 година;
- 03 и 24 октомври 2024 година;
- 05 и 26 ноември 2024 година;
- 05 и 19 декември 2024 година.

4.2. Испитите ќе се одржуваат во просториите на Општина Струмица, дом на АРМ, со почеток во 15:30 часот. Кандидатот задолжително со себе да понесе документ за лична идентификација.
4.3. Испитот нема да се одржи во определениот термин доколку за истиот се пријавиле најмногу до 3 (три) кандидати, при што испитот задолжително ќе се одржи во наредниот термин. Доколку се пријават поголем број на кандидати или поради други причини, ќе се

закаже испит и во друг дополнителен термин.

4.4. Испитот се состои од теоретски дел кој се полага писмено во форма на тест составен од 45 прашања и ќе трае 120 минути. Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 60% од вкупниот број на предвидени поени.

4.5. Испитот ќе го спроведе посебна Комисија за полагање на испит за авто – такси возач, формирана од Градоначалникот.

4.6. Во случај на промена на датумот и времето на одржување на закажаниот термин за испит, Комисијата ќе ги извести пријавените кандидати за утврдените измени.

**НАПОМЕНА**

Сертификатот за авто-такси возач е документ кој авто-такси возачот задолжително мора да го поседува во возилото.

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Градоначалник,**
**Костадин Костадинов**